Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 26.05.2024

На 25.05.2024 во 12.00 часот на подрачјето на Кисела Вода полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Л.(19) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.05.2024 во 10.00 часот на Граничниот премин Богородица, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода А.М.И.Ф.(47) од Египет, со привремен престој во Република Грција, кој управувал патничко возило „киа" со грчки национални ознаки. Имено, при извршена пасошка контрола и проверки било констатирано дека меѓународната возачка дозвола издадена од Египет била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 26.05.2024 во 00.05 час во казино во Велес полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Г.Ш.(44) од Велес, постапувајќи по претходна пријава од Т.Н.(51) од Велес, според која Г.Ш. дошол во неговиот дом и по кратка расправија физички го нападнал и му го одземал мобилниот телефон. Покрај ова, при преглед кај Г.Ш. извршен од полициски службеници, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 88 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 16 санкции, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, девет мерки за некористење на сигурносен појас, четири за управување возило под дејство на алкохол...

На 25.05.2024 во 11.20 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на крстосница од ул.„Прилепски бранители" со ул.„Пере Тошев" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Т.А.(50) од с.Маргари, општина Долнени и мотоцикл „јамаха" со демирхисарски регистарски ознаки, управуван од А.А.(25) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градска болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

Вчера (25.05.2024) од 08.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, при што биле откриени и санкционирани вкупно 13 возачи (ТЕ-5 и ГВ-8) за пречекорување на пропишаната брзина надвор од населено место. При контролата санкционирани се и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-8). На возачите прекршителите изготовени им соодветни поднесоци.

На 25.05.2024 во 08.45 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека во атар на с.Чалакли, валандовско, трактор „ИМТ 533" со полуприколка, управуван од А.П.(48) од с.Балинци, валандовско, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Валандово.
На 25.05.2024 во 11.40 часот во Полициската станица Центар, Ј.В.(74) од Скопје пријавил дека на ул.„Народен фронт" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 25.05.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на крстосница од ул.„Илија Алексов" со ул.„Ѓорче Петров" во Радовиш се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со штипски регистарски ознаки, управувано од А.М.(47) од с.Ракитец, општина Кончe, и мотоцикл „теккен" со радовишки регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Коџалија, радовишко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од мотоциклот, додека мотоциклистот се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Радовиш.

На 25.05.2024 во 18.10 часот во Полициската станица Центар, Љ.Н.(80) од Скопје пријавила дека на ул.„Васил Ѓорѓов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 25.05.2024 во 14.29 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 13.00 часот од место викано „Рамно" до место викано „Биљак", по шумски земјен пат на подрачјето на с.Мирковци, мотоцикл со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.А.(27) од Скопје изгубил контрола и паднал на патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот В.А.(31) од Скопје, додека мотоциклистот се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.05.2024 во 20.15 часот во Полициската станица Центар, М.К.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорѓи Пешков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 25.05.2024 во 17.24 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на манастирски комплекс кај р.Пчиња, атар на с.Кожле, Општина Петровец, М.Д.(30) и Х.Д.Д.(18) двајцата од Дојран, А.С.(46) и еден малолетник, двајцата од Скопје, планинарејќи, залутале на стрмно и опасно место за понатамошно движење. По преземени мерки од Специјалната антитерористичка единица „Тигар" во 01.55 часот лицата биле пронајдени, преземени и однесени на сигурно, во добра здравствена состојба.
На 25.05.2024 во 08.45 часот во СВР Битола било пријавено дека на стариот пат за Прилеп, во близина на „Туланата", била пронајдена една неексплодирана граната, која била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола. Притоа, било констатирано дека станува збор за артилериска граната од 155 мм која потекнува од Првата светска војна.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.К.(20) и малолетник, двајцата од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници кај нив пронашле и одзеле хашиш и марихуана, кои претходно ги набавиле за препродажба.
На 25.05.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, А.М.(38) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 13.50 часот во дворот од семејната куќа на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно недоразбирање, тој и неговиот малолетен син биле физички нападнати од едно лице, кое притоа се заканувало со остар предмет, како и од неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 25.05.2024 во 20.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во двор од семејниот дом на подрачјето на Бит Пазар, додека В.П.(66) од Скопје косел трева со импровизирана косилка, се здобил со струен удар и починал. Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт. По насоки на јавен обвинител била извршена обдукција која ја потврдила причината за смртта, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(56) од Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 25.04.2024 полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека вршел јавен превоз без да поседува соодветна лиценца.
На 25.05.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, М.Н.(19) од с.Стајковци пријавила дека околу 22.00 часот во с.Стајковци, нејзината малолетна сестра била физички нападната од А.Ш.(40) од с.Брест, со привремен престој во с.Мојанци, општина Арачиново, кој бил со патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 25.05.2024 во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Панде Илковски" во Битола, при вршење на градежни работи на приватна куќа, со повреди се здобил С.А.(19) од с.Горно Оризари, битолско. Тој бил пренесен во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош. Увид извршила увидната екипа на СВР Битола, а известен е и трудов инспектор.
На 25.05.2024 во 18.40 часот во СВР Скопје, С.Т.(68) од с.Ракотинци, скопско, пријавил дека околу 15.30 часот во неговиот двор во селото, по претходна расправија, бил удрен со тврд предмет од неговиот сосед Г.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 25.05.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, 39-годишна жена пријавила дека околу 15.00 часот на подрачјето на Гази Баба, во своето возило била физички нападната од нејзиниот сопруг И.П.(41) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.Ж.(27) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 28.03.2024 на влез во државата, при пасошка контрола и проверка, пријавениот на увид приложил фалсификувана полска возачка дозвола.
На 25.05.2024 во 18.40 часот во СВР Скопје, Џ.М.(71) од Скопје пријавил дека околу 14.35 часот на такси станица на подрачјето на Драчево, по претходна расправија, бил физички нападнат од Е.Ј.(60) од Скопје, кој потоа со остар предмет му се заканувал нему и на неговиот син. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 25.05.2024 во 20.30 часот во СВР Струмица, С.Ѓ.(34) од с.Василево пријавил дека околу 18.00 часот пред продажно место во с.Василево бил физички нападнат од К.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 25.05.2024 во 22.20 часот во СВР Струмица, Ф.А.(37) од с.Старо Балдовци, Општина Босилово, пријавил дека околу 17.30 часот пред угостителски објект во с.Дабиле, струмичко, бил физички нападнат од Ш.С. и С.С., двајцата од Струмица, со кои имал нарушени меѓусебни односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Д.(77), И.И.(57) и Е.З.(62), сите од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". На 01.02.2024 пријавените започнале расправија со вработени во Подрачно шумско стопанство Лешница, при што им упатиле закани.
Денеска (26.05.2024) во 03.00 часот во СВР Скопје, С.С.(43) од с.Батинци, скопско пријавил дека на 25.05.2024 околу 21.50 часот на подрачјето на с.Батинци, скопско, додека управувал патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, слушнал истрели по што застанал и на задниот дел на возилото забележал оштетување од огнено оружје. Повредени лица нема. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 25.05.2024 во 02.30 часот во Полициската станица Гевгелија, Љ.А.(46) од Гевгелија пријавил дека на 24.05.2024 околу 23.00 часот во Гевгелија бил физички нападнат од Д.К. и Ж.К., и двајцата од Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.А.(27) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 10.12.2023 бил извршен преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет